**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10 – 1125/6 од 16.12.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр.08-394/1 од 30.03.2021 год., за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип**

1. **СЕ ОДОБРУВА** Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип, со Тех.Бр.33-09/21 од ноември 2021година, изработен од страна на Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.
2. **Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува П=1.14 ха.**
3. **Составен дел на ова Решение е Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип,** а истиот го одобрува Градоначалникот на Општина Пробиштип надлежен за одобрување на урбанистичко–планската документација, врз основа на Мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам, со Бр.10-1125/5 од 16.12.2021 година.
4. **Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) КП бр.2642 и КП бр.2643, КО Добрево,** за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип, со **Дел.Бр.188/21-4 од 06.10.2021 година,** изработена од овластена геодетска фирма, Друштво за геодетски работи "ГЕО-СИГМА ГРУП" ДОО – Штип.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр. 08-394/1 од 30.03.2021 год., даде **Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип,** Бр.10-1125/5 од 16.12.2021 год., со предвидена класа на намена :

- Е-ИНФРАСТРУКТУРА

Во границите на планскиот опфат планирана е **1 градежна парцела** со следните основни класи на намена:
-Е-**Градби од нискоградбата - инфраструктури**:
- Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани;
- Е1-8- Инфраструктура за пренос на електрична енергија-Трансформаторски станици (комплементарна намена);

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, бр. 225/20 и 219/21 год.).

**Градоначалникот го разгледа Мислењето на Комисијата за урбанизам за одобрување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на делови од КП 2642 и КП 2643, КО Добрево, Општина Пробиштип и констатира дека истиот е во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“, бр. 225/20 и 219/21 год.).**

**Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.12.16 15:41:48 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.12.17 09:02:26 +01'00'

**М.П.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Dragan Anastasov
Digitally signed by Dragan Anastasov Date: 2021.12.17 13:05:52 +01'00'